JA0	IZGRADBA NA JAVNO OSVETLUVAWE	0	600.000	0	0	0	0	600.000
	RASHODI :							
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**0**	**600.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**600.000**
482	Други градежни објекти	0	600.000	0	0	0	0	600.000
JA0	ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ	0	600.000	0	0	0	0	600.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

Kategorija / Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
		133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**
JD	ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИшТА, УЛИЦИ И МОСТОВИ	16.100.000	5.400.000	0	0	0	0	5.400.000
	PRIHODI :							
JD0	IZGRADBA I REKONSTRUKCIJA NA LOKALNI PATI[TA I ULICI	14.900.000	4.200.000	0	0	0	0	4.200.000
JDA	IZGRADBA I REKONSTRUKCIJA NA LOKALNI PATI{TA I ULICI VO OP{TINATA	1.200.000	1.200.000	0	0	0	0	1.200.000
	RASHODI :							
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**16.100.000**	**5.400.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**5.400.000**
482	Други градежни објекти	16.100.000	5.400.000	0	0	0	0	5.400.000
JD0	ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ	14.900.000	4.200.000	0	0	0	0	4.200.000
JDA	ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИшТА И УЛИЦИ ВО ОПшТI	1.200.000	1.200.000	0	0	0	0	1.200.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

	133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**

Kategorija Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
JG	ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ	1.187.000	0	0	0	0	0	0
	PRIHODI :							
JG0	IZGRADBA NA SISTEMI ZA VODOSNABDUVAWE	1.187.000	0	0	0	0	0	0
	RASHODI :							
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**1.187.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
482	Други градежни објекти	1.187.000	0	0	0	0	0	0
JG0	ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ	1.187.000	0	0	0	0	0	0

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

		133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**

Kategorija Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
JL	КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ	0	200.000	0	0	0	0	200.000
	PRIHODI :							
JL0	DRUGI KOMUNALNI USLUGI (KAPITALNI RASHODI)	0	200.000	0	0	0	0	200.000
	RASHODI :							
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**0**	**200.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**200.000**
482	Други градежни објекти	0	200.000	0	0	0	0	200.000
JL0	ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)	0	200.000	0	0	0	0	200.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

	133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**

Kategorija Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
K4	КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕшТВО	120.000	110.000	0	0	0	0	110.000
	PRIHODI :							
K40	KULTURNI MANIFESTACII I TVORE[TVO	120.000	110.000	0	0	0	0	110.000
	RASHODI :							
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**60.000**	**60.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**60.000**
426	Други тековни расходи	60.000	60.000	0	0	0	0	60.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**60.000**	**50.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**50.000**
463	Трансфери до невладини организации	60.000	50.000	0	0	0	0	50.000
K40	КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО	120.000	110.000	0	0	0	0	110.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

	133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**

Kategorija Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
L0	СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	450.000	660.000	0	0	0	0	660.000
	PRIHODI :							
L00	SPORT I REKREACIJA	450.000	660.000	0	0	0	0	660.000
	RASHODI :							
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**400.000**	**600.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**600.000**
423	Материјали и ситен инвентар	400.000	600.000	0	0	0	0	600.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**50.000**	**60.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**60.000**
463	Трансфери до невладини организации	50.000	60.000	0	0	0	0	60.000
L00	СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	450.000	660.000	0	0	0	0	660.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

Kategorija / Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
		133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**
N1	ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	67.586.000	0	0	72.177.000	0	0	72.177.000
	PRIHODI :							
N10	OSNOVNO OBRAZOVANIE	67.586.000	0	0	72.177.000	0	0	72.177.000
	RASHODI :							
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**61.414.000**	**0**	**0**	**68.509.000**	**0**	**0**	**68.509.000**
401	Основни плати	43.494.000	0	0	48.113.000	0	0	48.113.000
402	Придонеси за социјално осигурување	16.880.000	0	0	19.040.000	0	0	19.040.000
404	Надоместоци	1.040.000	0	0	1.356.000	0	0	1.356.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**5.196.000**	**0**	**0**	**3.395.000**	**0**	**0**	**3.395.000**
420	Патни и дневни расходи	72.000	0	0	45.000	0	0	45.000
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.992.000	0	0	1.206.000	0	0	1.206.000
423	Материјали и ситен инвентар	469.000	0	0	283.000	0	0	283.000
424	Поправки и тековно одржување	212.000	0	0	73.000	0	0	73.000
425	Договорни услуги	2.121.000	0	0	1.673.000	0	0	1.673.000
426	Други тековни расходи	330.000	0	0	115.000	0	0	115.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**153.000**	**0**	**0**	**273.000**	**0**	**0**	**273.000**
464	Разни трансфери	153.000	0	0	273.000	0	0	273.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**823.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
482	Други градежни објекти	773.000	0	0	0	0	0	0
483	Купување на мебел	50.000	0	0	0	0	0	0
N10	ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ	67.586.000	0	0	72.177.000	0	0	72.177.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

Kategorija / Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
		133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**
N2	СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ	17.682.000	0	100.000	19.302.000	0	0	19.402.000
	PRIHODI :							
N20	SREDNO OBRAZOVANIE	17.682.000	0	100.000	19.302.000	0	0	19.402.000
	RASHODI :							
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**11.820.000**	**0**	**0**	**13.530.000**	**0**	**0**	**13.530.000**
401	Основни плати	8.370.000	0	0	9.570.000	0	0	9.570.000
402	Придонеси за социјално осигурување	3.250.000	0	0	3.710.000	0	0	3.710.000
404	Надоместоци	200.000	0	0	250.000	0	0	250.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**4.960.000**	**0**	**100000**	**5.312.000**	**0**	**0**	**5.412.000**
420	Патни и дневни расходи	60.000	0	0	60.000	0	0	60.000
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	287.000	0	0	575.000	0	0	575.000
423	Материјали и ситен инвентар	747.000	0	0	847.000	0	0	847.000
424	Поправки и тековно одржување	86.000	0	0	30.000	0	0	30.000
425	Договорни услуги	3.550.000	0	100.000	3.640.000	0	0	3.740.000
426	Други тековни расходи	230.000	0	0	160.000	0	0	160.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**0**	**0**	**0**	**90.000**	**0**	**0**	**90.000**
464	Разни трансфери	0	0	0	90.000	0	0	90.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**902.000**	**0**	**0**	**370.000**	**0**	**0**	**370.000**
480	Купување на опрема и машини	500.000	0	0	10.000	0	0	10.000
482	Други градежни објекти	402.000	0	0	360.000	0	0	360.000
N20	СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ	17.682.000	0	100.000	19.302.000	0	0	19.402.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

Kategorija Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
		133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**
Q0	ЗАшТИТА И СПАСУВАЊЕ	0	100.000	0	0	0	0	100.000
	PRIHODI :							
Q00	ZA[TITA I SPASUVAWE	0	100.000	0	0	0	0	100.000
	RASHODI :							
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**0**	**100.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**100.000**
423	Материјали и ситен инвентар	0	60.000	0	0	0	0	60.000
426	Други тековни расходи	0	40.000	0	0	0	0	40.000
Q00	ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ	0	100.000	0	0	0	0	100.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

	133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**

Kategorija Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
R1	ЗАшТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	50.000	50.000	0	0	0	0	50.000
	PRIHODI :							
R10	ZA[TITA NA @IVOTNA SREDINA I PRIRODA	50.000	50.000	0	0	0	0	50.000
	RASHODI :							
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**50.000**	**50.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**50.000**
424	Поправки и тековно одржување	50.000	50.000	0	0	0	0	50.000
R10	ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	50.000	50.000	0	0	0	0	50.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

	133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**

Kategorija Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
T1	УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА	100.000	100.000	0	0	0	0	100.000
	PRIHODI :							
T10	UNAPREDUVAWE NA ZDRAVSTVENATA ZA[TITA	100.000	100.000	0	0	0	0	100.000
	RASHODI :							
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**100.000**	**100.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**100.000**
425	Договорни услуги	80.000	80.000	0	0	0	0	80.000
426	Други тековни расходи	20.000	20.000	0	0	0	0	20.000
T10	УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА	100.000	100.000	0	0	0	0	100.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

	133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**

Kategorija Stavka O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
		Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
W0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА	150.000	130.000	0	0	0	0	130.000
PRIHODI :							
W00 PROTIVPO@ARNA ZA[TITA	150.000	130.000	0	0	0	0	130.000
RASHODI :							
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**150.000**	**130.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**130.000**
423 Материјали и ситен инвентар	120.000	100.000	0	0	0	0	100.000
424 Поправки и тековно одржување	30.000	30.000	0	0	0	0	30.000
W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	150.000	130.000	0	0	0	0	130.000

POSEBEN DEL
Nivo na: STAVKA

Kategorija / Stavka	O P I S	Predhoden buxet	B U X E T					
			Buxet	Rashodi od samofinan. aktivnosti	Rashodi od dotacii	Rashodi od donacii	Rashodi od krediti	**Vkupni rashodi**
		133.118.000	**43.600.000**	**100.000**	**91.479.000**	**1.000.000**	**0**	**136.179.000**
X1	РОДОВА ЕДНАКВОСТ	100.000	150.000	0	0	0	0	150.000
	PRIHODI :							
X10	RODOVA EDNAKVOST	100.000	150.000	0	0	0	0	150.000
	RASHODI :							
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**30.000**	**50.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**50.000**
426	Други тековни расходи	30.000	50.000	0	0	0	0	50.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**70.000**	**100.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**100.000**
463	Трансфери до невладини организации	70.000	100.000	0	0	0	0	100.000
X10	РОДОВА ЕДНАКВОСТ	100.000	150.000	0	0	0	0	150.000

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No.08-442/4
27.12.2023 год.yılı
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

Градоначалникот на Општина Центар Жупа врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за Локална Самоуправа, („Службен весник на РМ“ бр. 05/2005), член 58 од Статутот на Општина Центар Жупа, (Службен гласник на Општина Центар Жупа“ бр. 16/2020 година), на ден 27.12.2023 год. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на одлуката за извршување на Буџетот за 2024 година

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за извршување на Буџетот за 2024 година , што Советот на Општина Центар Жупа ја усвои на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година.

Општина Центар Жупа
Градоначалник,
Мр-Аријан Ибраим

Yerel Yönetim Yasasının (No:05/2005 “M.C’nin Resmi Gazetesi”) 50. maddesinin 1. fıkrasının 3. bendi ve 62. maddesinin 4. fıkrası, Merkez Jupa Belediyesi Tüzüğünün (No:16/2020 “Merkez Jupa Belediyesi Resmi Bildirisi”), 58. maddesine dayanarak 27.12.2023 tarihi oturumda Merkez Jupa Belediye Başkanı:

SONUÇ

2023 yılı bütçe icrasının kabul edilmesi kararını ilan etti

Merkez Jupa Belediyesi Meclisi’nin 25.12.2023 tarihli 13. olağan oturumunda**,** 2024 yılı bütçe icrasının kabul edilmesi kararı İLAN EDİLİR.

Merkez Jupa Belediyesi
Belediye Başkanı
Mr-Ariyan Ibraim

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и ,,Службен весник на РСМ “ бр. 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20, 172/21) и член 29 од Статутот на Општина Центар Жупа („Службен гласник на Општина Центар Жупа бр. 16 од 2020 година),

Советот на Општина Центар Жупа на 13-та седница одржана на 25.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за извршување на Буџетот на
Општина Центар Жупа за 2024 година

Член 1

Буџетот на Општина Центар Жупа за 2024 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:
- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации и
- Буџет на заеми.

Член 3

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до **15 ноември** во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од **20%** со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од **10%**.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации или буџетот на заеми, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

-,,Коефициентот за утвдрување на плата на избрани и именувани лица градоначалник се определува според бројот на жители и за општина Центар Жупа изнесува 2,70, а вредноста на коефициентот на плата на избрани и именувани лица лица во Република Северна Македонија е просечна исплатена плата по вработен во Републиката за претходна година, според официјални податоци објавени од страна Државен завод за статистика."

- вредноста на бодот на административните/државните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

- на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Центар Жупа и измените од истиот.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2024 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

- средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

- локалните јавни установи финансирани со блок дотациите се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да доставаат барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

---

[1] Во овој момент сеуште нема поднесено Закон за измени и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РСМ

- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации се должни да доставаат известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од буџетот на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 40 % од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 13

Вработените во општинската администрација имаат право на патни и дневни трошоци во случаите кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.

Висината на дневниците за службено патување во земјата се исплатуваат во висина од 700 денари[2] и тоа за секои поминати од 08 – 12 часа половина дневница (350 денари) и цела дневница од 12,[01] -24 часа цела дневница (700 денари).

За службените патувања во странство дневницата се исплатува во висина утврдена како за вработените во органите од централната власт.

Член 14

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404110 – Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 30% од основицата, која преставува месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во претходна година, под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарска година кај работодавачот

Член 15

Во случај на боледување подолго од шест месеци на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464990 – Други трансфери

Член 16

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни

[2] Член 20 став 2 алинеја 1 од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судвите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 51/20, 172/21)

износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

Додека за средствата утврдени во буџетот кои ќе се одобруваат за остварување на право на парична помош за новороденчиња на родители жители на општина Центар Жупа ќе бидат одобрени согласно критериуми дефинирани во правилникот донесен од советот на Општина Центар Жупа.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0, односно Н1 и Н2 образование, односно од Програмата во која се планирани средствата за исплата на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 , Н1- основно образование и Н2-средно образование расходно конто 464990 –Други трансфери.

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на градоначалникот или од директорите на локалните јавни установи.

Член 19

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

Член 20

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 21

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за:

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за тековната фискална година, согласно член 51 став (1) и (4) од Закон за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација, и
- вработувања за кои се обезбедени средства во основниот буџет на општината за тековната фискална година за што, согласно член 51 став (3) и (4) од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Во случај на нови вработувања локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се должни да доставаат позитивно известување до Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 22

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

Член 23

Средствата утврдени во поодделни Програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветно јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

Член 24

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 25

Буџетот на Општина Центар Жупа се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Член 26

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар Жупа", а ќе се применува од 01 јануари 2024 година.

Бр.14-429/7
25.12.2023 год
Центар Жупа

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Центар Жупа ,
Бирџан Селман

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е
кон Одлуката за извршување на
Буџетот на Општина Центар Жупа за 2024 година

Со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Центар Жупа за 2024 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на општинаЦентар Жупа, начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на општината Центар Жупа со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеца, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината, а Буџетот на Општина Центар Жупа се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No.08-442/5
27.12.2023 год.yılı
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

Градоначалникот на Општина Центар Жупа врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за Локална Самоуправа, („Службен весник на РМ“ бр. 05/2005), член 58 од Статутот на Општина Центар Жупа, (Службен гласник на Општина Центар Жупа“ бр. 16/2020 година), на ден 27.12.2023 год. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Центар Жупа за 2024 година

СЕ УСВОЈУВА годишната програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Центар Жупа за 2024 година, што Советот на Општина Центар Жупа ја усвои на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година.

Општина Центар Жупа
Градоначалник
Мр-Аријан Ибраим

Yerel Yönetim Yasasının (No:05/2005 “M.C’nin Resmi Gazetesi”) 50. maddesinin 1. fıkrasının 3. bendi ve 62. maddesinin 4. fıkrası, Merkez Jupa Belediyesi Tüzüğünün (No:16/2020 “Merkez Jupa Belediyesi Resmi Bildirisi”), 58. maddesine dayanarak 27.12.2023 tarihi oturumda Merkez Jupa Belediye Başkanı:

SONUÇ

Merkez Jupa Belediyesi sınırları içerisinde 2024 yılı yerel kentsel planlama hazırlamak için yıllık programı kabul oylaması

Merkez Jupa Belediyesi Meclisi’nin 25.12.2023 tarihli 13. olağan oturumunda**,** Merkez Jupa Belediyesi sınırları içerisinde 2023 yılı yerel kentsel planlama hazırlamak için yıllık programı KABUL EDİLİR.

Merkez Jupa Belediyesi
Belediye Başkanı
Mr-Ariyan Ibraim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-429/8
25.12.2023 год./ yılı

Врз основа член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (”Сл. весник на РМ” бр. 5/02), а во согласност со член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РСМ бр. 32/20,111/2023), Советот на Општина Центар Жупа на 13-та седницата одржана на ден 25.12.2023 година донесе:

ГОДИШНА ПРОГРАМА
За изработка на урбанистички планови на територијата на општина Центар Жупа 2024 година

ВОВЕД

Програмата за изработка на урбанистички планови и локални урбанистички плански документации, за населени места и надвор од населени места во Општина Центар Жупа, е годишна Програма и претставува основа за планирање на просторот на Општина Центар Жупа сите постапки на носење се водат преку системот Е-урбанизам.

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Годишната програма за изработка на урбанистички планови ги опфаќа следните елементи:

1. Идентификација на реоните каде што ќе се изврши урбанистичко планирање,
2. Предвидување на Градежни парцели со површина од околу 300 м^2 за изградба на станбени куќи на земјиште сопственост на Република Северна Македониа
3. Извори на финансирање,
4. Динамика на реализација на програмата.

РЕОНИ ЗА КОИ ШТО ЌЕ СЕ ИЗРАБОТУВААТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Со програмата за урбанистичко планирање во тек на 2024 година се предвидуваат повеќе реони и локалитети на територијата на општина

Центар Жупа во населените места и надвор од населени места:

- Изработка на Урбанистички план за населено место Центар Жупа Општина Центар Жупа – во тек на изработка,
- Урбанистички план за село и тоа:
- Село Мал папрадник,
- Село Голем папрадник,
- Село Баланци во тек,
- Село Броштица
- Село Горенци
- Село Житинени во тек,
- Село Новак и
- Други села.

- Изработка на Урбанистички план вон населено место Бела Вода- Броштица,
- Изработка на Урбанистички план вон населено место Манастирец,
- Урбанистички план вон од населено место Пашини кории - во тек,
- Урбанистички план вон од населено место Пареши,
- Урбанистички план вон од населено место крајбрежје на Дебарско езеро,

- Изработка на Урбанистички план за село за Центар Жупа до границите на опфатот со постоечкиот ГУП вкупно 100 Ха – Во тек,
  - Изработка на урбанистички план за село локалитет Гола Краста – во тек,
  - Избор и Планирање на локација за Гробишта во Центар Жупа
  - Урбанистички план за село или Општ Акт и тоа во:
  - Село Мал папрадник,
  - Село Голем папрадник,
  - Село Баланци,
  - Село Броштица
  - Село Житинени,
  - Село Горенци,
  - Село Оџовци,
  - Село Бајрамовци,
  - Село Брештани,
  - Село Праленик,
  - Село Елевци,
  - Село Долгаш,
  - Село Новак,
  - Село Долно Мелничани и
  - Село Горно Мелничани.
  -
  - сите постапки на Урбанистичкото плбнирање ќе бидат водени по електронски пат согласно Апликацијата Е-Урбанизам
  - Изработка на урбанистички план за социјални ранливи категории.
  - Изработка на план и програма за поставување на урбана опрема на територијата на сите населени места во Општина Центар Жупа
  - Подршка на иницијатива покрената од правни и физички лица.

Во текот на 2024 година општина Центар Жупа на еднаш годшно ќе објавува јавен оглас за привлукување на инвестори и подршка на инцијативи од правни и физичлки лица за изработка на Урбанистички планови.

ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

- Буџет на Владата,
- Буџет на општината,
- Правни и физички лица кои ќе покренат иницијатива,
- Донации.

ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Градоначалникот и Советот на општината по предлози на одделението за урбанизам,

градежништво и заштита на животната средина и покренати иниацијативи од правни и физички лица во што во склоп со условите и можностите ќе може да го организира реализирањето на програмата. Динамиката за реализација на програмата ќе се развива според доток на финансии и финансиската можност како и укажаната потреба или пак барање од правни или физички лица кои што би иницирале изработка на урбанистички планови.

Општина Центар Жупа
Прецедател на совет
Бирџан Селман.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No.08-442/6
27.12.2023 год.yılı
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

Градоначалникот на Општина Центар Жупа врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за Локална Самоуправа, („Службен весник на РМ“ бр. 05/2005), член 58 од Статутот на Општина Центар Жупа, (Службен гласник на Општина Центар Жупа“ бр. 16/2020 година), на ден 27.12.2023 год. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Центар Жупа за 2024 година

СЕ УСВОЈУВА програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Центар Жупа за 2024 година, што Советот на Општина Центар Жупа ја усвои на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година.

Општина Центар Жупа
Градоначалник,
Мр-Аријан Ибраим

Yerel Yönetim Yasasının (No:05/2005 “M.C’nin Resmi Gazetesi”) 50. maddesinin 1. fıkrasının 3. bendi ve 62. maddesinin 4. fıkrası, Merkez Jupa Belediyesi Tüzüğünün (No:16/2020 “Merkez Jupa Belediyesi Resmi Bildirisi”), 58. maddesine dayanarak 27.12.2023 tarihi oturumda Merkez Jupa Belediye Başkanı:

SONUÇ

Merkez Jupa Belediyesi sınırları içerisinde 2024 yılı çevre temizliği bakımı yıllık programı kabul oylaması

Merkez Jupa Belediyesi Meclisi’nin 25.12.2023 tarihli 13. olağan oturumunda**,** Merkez Jupa Belediyesi sınırları içerisinde 2024 yılı çevre temizliği bakımı yıllık programı KABUL EDİLİR.

Merkez Jupa Belediyesi
Belediye Başkanı
Mr-Ariyan Ibraim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-429/9
25.12.2023 год./ yılı

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („ Сл. весник на РМ" број 111/08, 64/2009, 88/10,114/10,23/11,53/11,80/12,163/13,44/15,147/15, 31/16) и член 29 став 1 точка 16 од Статутот на општина Центар Жупа („Сл. гласник на општина Центар Жупа" број.16/20), Советот на Општина Центар Жупа , на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

П Р О Г Р А М А
за одржување на јавната чистота на подрачјето
на општина Центар Жупа за 2024 година

1.Вовед

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Центар Жупа за 2024 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности, и начинот на нивно финансирање.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- густина на населеноста
- фрекфенција на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- степен на пречки (паркирани возила, диви продавачи и др.)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- делувањето на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

2. Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од:

- Машинско и рачно метење и миење на улиците, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота;

- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно подрачје;

- Одржување на јавните површини во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дневните хигиеничари.

.Дневните - метачи ќе вршат рачно метење во поширокото централно подрачје и празнење на уличните корпи за отпад со еднократно работно време и тоа од 8:30 ^{x} до 12:30 ^{x} три дена во седмицата (слободен ден недела и сабота). Вкупната површина која ќе се одржува е 359.5 ха.

Реонот кој ќе се одржува е следниот:

1. Централно подрачје на општина Центар Жупа со површина ……. 40 ха
2.Село Г.Папрадник со површина од ..... 27.5 ха.
3.Село М.Папрадник со површина од ..... 20.5 ха.
4.Село Баланци со површина од .....11 ха
5.Село Оџовци со површина од .....5.3 ха
6.Село Горенци со површина од .....15.5 ха
7.Село Долно.и Горно. Мелничани со површина од ..... 11 ха
8.Село Броштица со површина од ..... 20.8 ха
9.Село Бајрамовци со површина од ..... 5.7 ха
10.Село Вапа со површина од ..... 2.5 ха
11.Село Житинани со површина од ..... 41 ха
12.Село Брештани со површина од ..... 7.7 ха
13.Село Праленик со површина од ..... 7 х а
14.Село Коџаџик со површина од ..... 32 ха
15.Село Новак со површина од ..... 36.5 ха
16.Село Елевци со површина од ..... 11 ха
17.Село Долгаш со површина од ..... 4.5 ха

Согласно Законот за јавна чистота ќе се продолжи со поставување на нови улични корпи за отпад почнувајќи од централното подрачје кон периферните делови на центарот.

Чистење ќе се врши пед дена на чистење на централно подрачје и двапати седмично на секој од двата реони во периферните делови на општината. Во пошироко периферно подрачје би биле опфатени следниве населени места со вкупна површина од 359.5 ха

Периферните делови на општината ќе бидат поделени на два реони и нивното чистење ќе биде двапати седмично во различни денови.

Реон I ги опфаќа следните населени места со површина од 260.8 ха и чистењето ќе се врши во понеделник и четврток:

1. Централно подрачје на општина Центар Жупа со површина ……. 100 ха
2.Село Г.Папрадник со површина од ..... 27.5 ха.
3.Село М.Папрадник со површина од ..... 20.5 ха.
4.Село Баланци со површина од .....11 ха
5.Село Оџовци со површина од .....5.3 ха
6.Село Горенци со површина од .....15.5 ха
7.Село Горно и Долно Мелничани со површина од ..... 11 ха
8.Село Броштица со површина од ..... 20.8 ха
9.Село Бајрамовци со површина од ..... 5.7 ха
10.Село Вапа со површина од ..... 2.5 ха
11.Село Житинани со површина од ..... 41 ха

Реон II ги опфаќа следните населени места со површина од 98.7 ха и чистењето ќе се врши во вторник и петок.

1.Село Брештани со површина од ..... 7.7 ха
2.Село Праленик со површина од ..... 7 х а
3.Село Коџаџик со површина од ..... 32 ха
4.Село Новак со површина од ..... 36.5 ха
5.Село Елевци со површина од ..... 11 ха
6.Село Долгаш со површина од ..... 4.5 ха

Миењето на улиците ќе се врши во летниот период и тоа почнувајќи од месец Јуни па се до крајот на Септември. Интензитетот на миењето ќе биде два ден месечно во поширокото централно подрачје и периодично во периферните делови на општината. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.

Во зимскиот период во услови на снег дневните- метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки и централното подрачје, како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација. Исто така ќе вршат посипување со индустриска сол рачно.

Чистење на јавните површини од снежните врнежи ќе се врши согласно Програмата за зимско одржување на улиците на општината Центар Жупа донесена од Советот на општина Центар Жупа.

Чистењето на јавните објекти, дворни површини, колективни и индивидуални објекти покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции двапати годишно и тоа во месец мај и при крајот на месец септември, со претходно објавување во медиумите. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности. Доколку постојат објективни можности по чистењето на наносите ќе се изврши миење на улиците.

Во населените места (руралните средини) кои имаат урбанистички планови ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица еднаш седмично.

На Спомен-Куќата на Кемал Ататурк ,ќе се врши секојдневно чистење и празнење на поставените корпи за отпад или по потреба.

3. Чистење на диви депонии

Физичкиот обем на работите и локалитетите се одредуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Секторот за урбанизам и комунални работи. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното претпријатие, а се одобруваат од Одделението за урбанизам и комунални работи.

4. Начин на финансирање

Потребните финансиски средства за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Центар Жупа се обезбедуваат од цената на услугата за изнесување на смет за 2024 год,

приходи

- 2,000 домаќинства х 100 ден = 200.000 оо денари / месечно.
- 200.000 ден х 12 месеци = 2,400,000,оо денари / годишно. и:

расходи

Програма Ј4 – Јавна чистота е во износ од 2.200.000.оо денари од кои:

- Јавна чистота – ЈП. „Кале“ .... 1.700.000.оо денари.
- Чистење диви депонии ..... 500.000.оо денари

Вонредните, зголемени активности за чистење на јавните површини, поради организирани собири и манифестации, се изведуваат по налог на Одделеније за урбанизам и комунални работи и се финансираат од страна на организаторот, согласно Ценовникот за вршење на дополнителни услуги.

5. Извршител на Програмата

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈП. “Кале” Центар Жупа.

ЈП. “Кале” Центар Жупа изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на населени места поименично, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

6.Надзор над извршување на Програмата

Надзор над извршувањето на Програмата врши одделението за урбанизам, градежништво и Заштита на Животна Средина.

Инспекциски надзор, над извршувањето на Програмата вршат комуналните инспектори на Општина Центар Жупа.

7. Завршна одредба

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Центар Жупа”.

Општина Центар Жупа
Прецедател на Совет
Бирџан Селман

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No.08-442/7
27.12.2023 год.yılı
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

Градоначалникот на Општина Центар Жупа врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за Локална Самоуправа, („Службен весник на РМ“ бр. 05/2005), член 58 од Статутот на Општина Центар Жупа, (Службен гласник на Општина Центар Жупа“ бр. 16/2020 година), на ден 27.12.2023 год. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на програма за одржување на јавното зеленило на подрачјето на Општина Центар Жупа за 2024 година

СЕ УСВОЈУВА програмата за одржување на јавното зеленило на подрачјето на Општина Центар Жупа за 2024 година, што Советот на Општина Центар Жупа ја усвои на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година.

Општина Центар Жупа
Градоначалник
Мр-Аријан Ибраим

Yerel Yönetim Yasasının (No:05/2005 “M.C’nin Resmi Gazetesi”) 50. maddesinin 1. fıkrasının 3. bendi ve 62. maddesinin 4. fıkrası, Merkez Jupa Belediyesi Tüzüğünün (No:16/2020 “Merkez Jupa Belediyesi Resmi Bildirisi”), 58. maddesine dayanarak 27.12.2023 tarihi oturumda Merkez Jupa Belediye Başkanı:

SONUÇ

Merkez Jupa Belediyesi sınırları içerisinde 2024 yılı çevre yeşilliği bakımı programı kabul oylaması

Merkez Jupa Belediyesi Meclisi’nin 25.12.2023 tarihli 13. olağan oturumunda**,** Merkez Jupa Belediyesi sınırları içerisinde 2024 yılı çevre yeşilliği bakımı programı KABUL EDİLİR.

Merkez Jupa Belediyesi
Belediye Başkanı
Mr-Ariyan Ibraim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-429/10
25.12.2023 год./ yılı

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/02) и член 29 став 1 точка 16 од Статутот на општина Центар („Сл. гласник на општина Центар Жупа" број16/20), Советот на општина Центар Жупа , на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

ГОДИШНА
П Р О Г Р А М А
за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Центар Жупа за 2024 година

I. Вовед

Програмата за одржување и уредување на јавното зеленило на подрачјето на Општина Центар Жупа за 2024 година, има за цел да ги прикаже видот и обемот на работите за одржување на зеленилото на подрачјето на општината, заштитените подрачја и спортско рекреативните центри и уредувањето на нови зелени површини, како и начинот на нивното финансирање.

Редовното одржување на зеленилото се реализира со примена на соодветна динамика и интензитет на работните операции, прикажани во табеларните прегледи, опфатени со Годишниот план за работа на извршителот на Програмата.

Подигањето на нови зелени површини и реконструкцијата на деградирани зелени површини се врши според утврдените потреби.

II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО

Одржувањето на јавното зеленило е планирано во согласност со стандардните и биотехничките нормативи.

Реализацијата на Програмата се спроведува преку:

- Одржување на јавното зеленило на подрачјето на општината и одржување на јавното зеленило во вонцентралниот појас.

1. Јавно зеленило на подрачјето на општината

Одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на општина Центар Жупа се врши интензивно, екстензивно.

Под интензивно одржување подлежат следниве зелени површини:

1. Парковски зелени површини;
2. Зелени површини кои по урбанистичкиот план се од јавен карактер;
3. Зелена површина на ,,Здравствен дом";
4. Зелена површина кај куќата на Кемал Ататурк";

Под екстензивно одржување подлежат дрворедите, зелените површини околу детските игралишта во центарот и вонцентрално зеленило.

Динамиката и интензитетот на одржување на јавното градско и вонградско зеленило ќе се уреди согласно со Оперативна програма, истото се врши согласно со прегледите кои се составни делови на Програмата, со кои ке се вградат сите елементи на одржување на централно и вонцентрално зеленило со сите негови пропратни делови како и мерки за негово збогатување и реконструкција.

. Други зелени површини

Во други зелени површини кои се од јавен карактер и кои се под интензивно одржување:

- зеленило пред општинската зграда,.....800 м/2
- зеленило пред ,,здраствен дом”.....115 м/2

Вкупно: _____915м/2

ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА ОПШТИНСКОТО ЗЕЛЕНИЛО И ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ОПЕРАЦИИ

Реден Број	Вид операција	Мерна единица	поваршина	Бр.на операци /12		
Градоначалникот на Општина Центар Жупа врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за Локална Самоуправа, („Службен весник на РМ“ бр. 05/2005), член 58 од Статутот на Општина Центар Жупа, (Службен гласник на Општина Центар Жупа“ бр. 03/2007 година), на ден 27.12.2023 год. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Центар Жупа во 2024 година

СЕ УСВОЈУВА програмата за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Центар Жупа во 2024 година, што Советот на Општина Центар Жупа ја усвои на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година.

Општина Центар Жупа
Градоначалник
Мр-Аријан Ибраим

Yerel Yönetim Yasasının (No:05/2005 “M.C’nin Resmi Gazetesi”) 50. maddesinin 1. fıkrasının 3. bendi ve 62. maddesinin 4. fıkrası, Merkez Jupa Belediyesi Tüzüğünün (No:03/2007 “Merkez Jupa Belediyesi Resmi Bildirisi”), 58. maddesine dayanarak 27.12.2023 tarihi oturumda Merkez Jupa Belediye Başkanı:

SONUÇ

Merkez Jupa Belediyesi 2024 yılı için yerel yolların ve caddelerin inşaat, imar ve bakım programı kabul oylaması

Merkez Jupa Belediyesi Meclisi’nin 25.12.2023 tarihli 13. olağan oturumunda**,** Merkez Jupa Belediyesi 2024 yılı için yerel yolların ve caddelerin inşaat, imar ve bakım programı KABUL EDİLİR.

Merkez Jupa Belediyesi
Belediye Başkanı
Mr-Ariyan Ibraim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-429/14
25.12.2023 год./ yılı

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 05/02 година и член 29 став 12 од Статутот на општина Центар Жупа (Сл. Гласник на Општина Центар Жупа бр.16/2020 година). Советот на општина Центар Жупа на 13 –та редовна седница, одржана на 25.12.2023 година донесе:

П Р О Г Р А М А

За изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Центар Жупа, во 2024 година

Оваа Програма претставува опфат помеѓу потребите за одржување на постојната локална патна мрежа, нејзината неопходна реконструкција како и планирањата за изградба на нови локални патишта на ниво на Општина Центар Жупа од една страна, како и изградба, одржување и реконстрикција на улиците во Центар Жупа и пошироко во Општината.

Потребите од пробивање, модернизација и одржување (тековно и инвестициono) на локалните патни правци отсекогаш биле и се од перманентно значење за комуникација помеѓу населените места во Општината. Исто така, патот заедно со водоснабдувањето и некои други основни предуслови за живот на човекот се основните потерби за развојот на стопанските капацитети од сите сфери на животот. Во таа насока, Општината Центар Жупа како земјоделско сточарски регион во распространето ридско планинско подрачје, со доизградбата на потребната локална патна мрежа до сите населени места може да претендира на подинамичен развој, особено на сточарството, полјоделството, ловот, и

P R O G R A M ÖNERİSİ

Merkez Jupa Belediyesi'nin 2024 y. için yerel yolların ve sokakların, inşa edilmesi yenilenmesi ve bakımı için

Bu Program, var olan yerel yol ağının bakımı, kaçınılmaz yenilenmesi için gerekler ve Merkez Jupa Belediyesi çapında yeni yerel yolların yapımı için plânlamalar arasında olduğu gibi Merkez Jupa'da ve Belediye içinde daha geniş çaptaki sokakların yapımı, bakımı ve yenilenmesi arasında bir sentezi temsil etmektedir.

Yerel yolların açılması, modernleştirilmesi ve bakımı (sürekli ve yatırım olarak), Belediye çapındaki yerleşim yerleri arasında iletişim için her zaman kalıcı önem taşımış ve taşıyacaktır.

Yol, su ve insanın yaşamı için gereken en temel şeyler, yaşamın bütün alanlarında ekonomi kapasitesinin gelişmesi-kalkınması için gereken önkoşullardır. Bu doğrultuda, tepe ve dağlık bölgeye yayılmış, tarımsal ve hayvancılık bölgesi olarak Merkez Jupa Belediyesi, bütün yerleşim yerlerine kadar gereken yerel yol ağının yapılmasıyla, daha dinamik gelişmeye doğru yön alabilir. Bu durum özellikle, "Luçişta bölgesi" denilen Belediyenin doğu tarafında, hayvancılık,

планинскиот туризам во источниот дел на Општината во така нарачениот “Лучишки регион”.
Општина Центар Жупа, од Донаторски здруженија и од заинтересирани правни и физички лица.
Без постоењето на соодветна патна мрежа комуникацијата помеѓу луѓето, размената на добра, дотурот на стока, а со тоа и секаква појава и иницијатива би се соочила со проблеми уште во стартот. Токму од тие причини Општина Центар Жупа, посветува исклучително внимание на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на постоечката патна мрежа, но ќе се залага за пробивање и изградба на локална патна мрежа до населените места каде тоа досега се уште не е сторено.
Потребите за развојот на локалната патна мрежа се уште се големи иако досега постигнатите резултати посебно во последните десетина години се видливи и дадоа друг белег на Општината. Ако кон сето ова се додаде и нејзината географска местоположба и потербата од регионално и магистрално поврзување на целиот југозападен регион кон поголемата соседна општина Струга според сите природни правци логички би било да поминуваат низ Општината Центар Жупа, тогаш се добива слика за потребите од развојот на патната мрежа во Општината на сите правци.
Со оваа **ПРОГРАМА** се планираат активности за **ПЛАНИРАЊЕ, ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ** на локалните патишта во Центар Жупа, разгледување на иницијативи по барања на правни и физички лица заради формирање на нови локални патни правци во локации опфатени со Урбанистички планови или пак надвор од Урбани опфати и сл.
Планирањето,градењето и одржувањето на локалните патишта ќе бидат финансирани од Буџетот на Република Македонија, од Буџетот на Општината.
çiftçilik, avcılık ve dağ turizmi alanında gelişmiş olabilir.
Uygun yol ağı olmayınca, insanlar arası iletişim, mal alışverişi, mal sağlanılması (temini), onunla birlikte her çeşit girişim de daha başlangıcında sorunlarla yüz yüze gelecektir. Onun içindir ki Merkez Jupa Belediyesi, var olan yol ağının yapımına, bakımına ve yenilenmesine çok önem vermektedir. Oysa, şimdiye kadar yapılmamış olan yerleşim yerlerine de yerel yol ağının açılması ve yapılması için emek harcayacaktır

Son on yıl içerisinde elde edilen sonuçlar gözle görülür ve Belediyeye başka bir damga vurmuş olmasına karşın, yerel yol ağının geliştirilmesi için gereksinmeler çoktur. Bütün bunlara, belediyemizin coğrafi konumu ve daha büyük komşu belediye Struga’ya, bütün güneybatı bölgesinin otoyolla bağlanması için büyük gereksinimin duyulduğunu da eklersek, mantıksal olarak, bütün doğal yolların Merkez Jupa Belediyesi’nden geçmesi gereklidir. Böylece, bütün yönlere olmak üzere, Belediye’deki yol ağının gelişmesinin ne kadar gerekli olduğu resmi ortaya çıkmaktadır.

Bu **PROGRAMLA** , Merkez Jupa belediyesindeki yerel yolların **PLÂNLAMA**, **İNŞAAT** ve **BAKIMI** için, Bayındırlık plânıyla kapsanan yada Bayındırlık plânıyla kapsanmayan konumlarda, yeni yerel yolların kurulması için tüzel ve fiziksel kişiler tarafından girişim istemlerinin gözden geçirilme, etkinlikleri plânlaştırılmıştır.

Yerel yolların plânlanması, inşa edilmesi ve bakımı Makedonya Cumhuriyeti Bütçesinden,Merkez Jupa BelediyesBütçesinden ,Bağış derneklerinden ve ilgi gösteren tüzel ile fiziksel kişilerden finanse edilecektir.

П Л А Н И Р А Њ Е

I. Планирање и Изработка на технички документации за изградба на патишта

1. Планирање и изработка на техничка документација на локалната патна инфраструктура за територијата на општина Центар Жупа, во планскиот период 2024 година ќе биде реализирана со извршување и изработка на следните технички документации:

- Изработка на техничка документација за пат село Голем Папрадник – Власиќи - Жабинец,
- Изработка на техничка документација за пат село Центар Жупа – Вапа - Праленик,
- Изработка на техничка документација за пат Броштица – Црнобоци – Центар Жупа.
- Изработка на техничка документација за регионален пат – по Бајрамовска река.
- Изработка на техничка документација за пат Житинска река село Бајрамовци.
- Подржување на иницијативи покренати од физички и правни лица или пак од група граѓани на Центар Жупа.

P L Â N L A M A

I Yolların inşaatı için teknik evrakların Plânlama ve hazırlanması

1. 2024 y. plânlama döneminde, Merkez Jupa belediyesi bölgesinin yerel yol altyapısı için teknik evrakların Plânlama ve hazırlanması şu teknik evrakların hazırlanıp yapılması ile gerçekleşecektir :

- Büyük Papradnik k.-Lasik-Jabinets yolu için teknik evrağın hazırlanması,
- Merkerz Jupa –Vapa-Pralenik k. yolu için teknik evrağın hazırlanması,
- Broştisa k –Broştisa k. Mustafa Kemal Atatürk Bölgesel okulu yolu için teknik evrağın hazırlanması,
- Merkez Jupa sokak ağı için teknik evrağın hazırlanması, önerdikleri girişimlerini desteklemek.
- Fiziksel,tüzel ya da Merkez Jupa yurttaşlarından bir gurubun.

Средствата потребни за изработка на техничка документација на планираните патни правци во планскиот период за 2024 година дадени се во табелата која што следи:

Во планскиот период 2024 година треба да се изработаат технички документации за околу 10 км локална патна инфраструктура и вкупното чинење на планираните активности би изнесувало околу 800.000 денари.

2024y. plânlama döneminde, plânlaştırılmış olan yolların teknik evraklarını hazırlamak için gereken paralar aşağıdaki çizelgede gösterilmiştir:

2024 y. plânlama döneminde, 10 km yerel yol altyapısı için teknik evrağın (belgenin) hazırlanması gereklidir ki plânlaştırılmış etkinliklerin toplam tutarı yaklaşık 800.000 denardır.

Име на проектот- projenin adı	**Вид на активност- uzunluk**	**Должина (км)- genişlik (km)**	**Потребни средства- gereken para**
Изработка на техничка документација селски пат село Г. Папрадник-Власиќи-Жабинец – B.Papradnik köyü-Lasik-Jabinets yolu için teknik evrağın hazırlanması	Изработка на техничка документација- teknik belgenin hazırlanması	По проект приближно 1 км.-projeye göre yaklaşık 1 km.	80.000 ден.-den.
Изработка на техничка документација за пат Центар Жупа – село Вапа-с.Праленик – Merkez Jupa.-Vapa k.-Pralenik köy yolu için teknik evrağın hazırlanması	Изработка на техничка документација- teknik belgenin hazırlanması	По проект приближно 4.0 км.-projeye göre yaklaşık 4.0km.	180.000 ден.-den.
Изработка на техничка документација за пат Броштица-Црнобоци-центар Жупа.	Изработка на техничка документација- teknik belgenin hazırlanması	По проект приближно 3 км.-projeye göre yaklaşık 3 km.	120.000 ден.-den.
Припрема на проекти за дислокација или пак реконструкција на други инфраструктурни објекти по линијата или во пресекот на патната инфраструктура.- Yol altyapısının uzunluğunca ya da kesitince başka altyapı yapılarının kaldırılması ya da onarımı için projelerin hazırlanması.	Изработка на техничка документација- teknik belgenin hazırlanması	По проект- projeye göre	70.000 ден.-den.
Подржување на иницијативи покренати од физички и правни лица или пак од група граѓани на Центар Жупа - Fiziksel,tüzel ya da Merkez Jupa yurttaşlarından bir gurubun önerdikleri girişimlerini desteklemek	Изработка на техничка документација- teknik belgenin hazırlanması	По проект- projeye göre	100.000 ден.-den.
Изработка на техничка документација за пат од регионалниот пат по Бајрамовска река до село Бајрамовци.	Изработка на техничка документација	По проект- 1.км	60.000 ден
Изработка на техничка документација за пат Житинска река цело Бајрамовци	Изработка на техничка документација	По проект- 1.км	60.000 ден
ВКУПНО 670.000 ден			

И З Г Р А Д Б А

II. Активности предвидени за изградба реконструкција и проширување на локалните патишта на територијата на општина Центар Жупа

Според приоритет локалната патна инфраструктура на територијата на општина Центар Жупа во периодот 2024 година ќе биде реализирана со следните активности на:

- Формирање на тампониран пат помеѓу село Елевци – село Селце и Буринец до Општина Струга,
- Проширување и асфалтирање на патот за село мал Папрадник – Дебарско езеро,
- Проширување и зарамнување на земјен пат Центар Жупа – село Вапа,
- Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Бајрамовци,
- Реконструкција и обнова на внатрешни улици во Центар Жупа,
- Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Баланци – Џамија – Нови Гробишта,
- Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Новак.
- Пробивање со проширување на Пат село Броштица –Црнобоци-Центар Жупа.
- Пробивање на нов пат од регионален пат по Бајрамовска река до село Бајрамовци.
- Пробивање и проширување на пат Житинска река село Бајрамовци.
- Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Голем Папрадник,
- Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Мал Папрадник,
- Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Праленик,
- Изградба на пат село Праленик – Крбла.

İ N Ş A E T M E K

II Merkez Jupa belediyesinin Bölgesindeki yerel yolların inşa edilmesi, onarılması ve genişletilmesi için öngörülen etkinlikler

2024 y.döneminde Merkez Jupa belediyesinin bölgesindeki öncelikli yerel yol altyapısı şu etkinliklerle gerçekleştirilecektir:

Elessa k.- ve Struga Belediyesi'nin Seltse k. ile Burunets k. arasında tamponlu yolun oluşturulması,

- Küçük Papradnik-Debre gölü toprak yolun genişletilmesi ve düzlenilmesi,
- Merkez Jupa-Vapa k. toprak yolun genişletilmesi ve düzlenilmesi,
- Bayramovsa köyünün içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi,
- Merkez Jupa içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi,
- Jitnenik köyünün içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi,
- Cami-Yeni Mezarlıklar-Balansa köyünün içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi,
- Küçük Papradnik köyünün içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi,
- Pralenik köyünün içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi,
- Broştisa k. Mustafa Kemal Atatürk Bölgesel ilkokulu-Broştisa köyünün içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi,
- Pralenik köyü-Kırbla ovası yolunun inşa edilmesi.

Средствата потребни за планираните активности за изградба реконструкција и проширување на планираните патни правци во планскиот период 2024 година дадени се во табелата која што следи:

Во планскиот период за 2024 треба да се извршат активности на изградба реконструкција и проширување на

Зависно од анализата на постојната техничка документација, од анализата на реализацијата на плановите и од анализата на доставени барања од о планскиот период за 2024 планирани се активностите за одржување на патиштата кои што се прикажани во горната табела предвидени се средства во чинење на планираните активноси изнесува 2,000,000 денари.

Зависно од временските услови или пак од настанати елементарни непогоди како и локални разурнувања и деформации на патната инфраструктура може да се пренаменат средствата или пак да се пренесат од една планирана на друга планирана година така да се обезбеди што е можно поквалитетен живот на жителите и другите корисници на патната инфраструктура.

Приоритет за вршење на активности по патната инфраструктура на целата територијата на општина Центар Жупа утврдува Градоначалникот на општината.

Со програмата за планирање, изградба и одржување на локалните патишта во општина Центар Жупа во периодот за 2022 година вкупно предвидено е:

-ЗА ПЛАНИРАЊЕ : 600,000 (шесто илјади) денари,

-ЗА ИЗГРАДБА : 30.7000,000 (триесет и три милиони осамстодесет илјади денари)

-ЗА ОДРЖУВАЊЕ : 2,000.000 (два милиона) денари. СЕ ВКУПНО : 33.300.000 денари.

2024 y. plânlama döneminde, yolların yapılması, yeniden kurulması ve genişletilmesi için, plânlaştırılmış olan etkinliklere, gereken paralar aşağıdaki çizelgede gösterilmiştir:

2024 y. plânlaştırılmış döneminde, yol altyapısı alanında, 17 km.kadar yolun yapılması, yeniden kurulması ve genişletilmesi etkinliklerinin yapılması gereklidir ki plânlaştırılmış etkinliklerin toplam tutar değeri 2.000.000 denardır.

Var olan teknik evrakların, plânların gerçekleştirme incelenmelerine ve yurttaşlardan Yerel özyönetimine sunmuş oldukları istemlerin incelenmelerine bağlı olarak ,plânlamak için gerçek olanaklar gözden geçirilir ve Merkez Jupa belediyesindeki yol altyapısının ile trafik yollarının yapılması için teknik evrakların hazırlanmasına girişilir.

Programdaki plânların hazırlanması ve gerçekleştirilmesi için önceliği Merkez Jupa belediyesinin Belediye Başkanı saptar.

Име на проектот- projenin adı	**Вид на активноста -etkinlik türü**	**Должина (км)- genişlik (km)**	**Потребни средства- gereken para**
Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Новак- Novak k. içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi	Подготвителни работи со израмнување и поставување на бехатон плочки- hazırlık işleri: yolun düzeltilmesi ve behatonun konulması	По проект- приближно 1 км-projeye göre yaklaşık 1 km.	4.000.000 ден. -den.
Реконструкција и асфалтирање во село Голем Папрадник-дебарсњки острови B.Papradnik k. içindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi	Реконструкција и рехабилитација со асфалт- hazırlık işleri: yolun düzeltilmesi ve behatonun konulması	По проект- приближно 1 км- projeye göre yaklaşık 1 km.	14.000.000 ден.-den.
Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Мал Папрадник- K.Papradnik k. İçindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi	Подготвителни работи со израмнување и поставување на бехатон плочки- hazırlık işleri: yolun düzeltilmesi ve behatonun konulması	По проект- приближно 1 км-projeye göre yaklaşık 1km.	4.000 000 ден.-den.
Реконструкција и обнова на внатрешни улици во село Праленик- Pralenik k. İçindeki sokakların yeniden kurulması ve yenilenmesi	Подготвителни работи со израмнување и поставување на бехатон плочки- hazırlık işleri: yolun düzeltilmesi ve behatonun konulması	По проект- приближно 0,5 км-projeye göre yaklaşık 0,5km.	1.000.000 ден.-den.
Изградба и пробивање на пристапен пат село Броштица – Црнобоци-Центар Жупа	Подготвителни работи со пробивање поравнување израмнување и тампонирањена патот.	По проект- приближно 3 км- projeye göre yaklaşık 1 km.	1.500.000 ден.-den.
Изградба на пат село Праленик – Крбла- Pralenik k.- Kırbla yolunun yapımı	Подготвителни работи со израмнување и тампонирање на пат- hazırlık işleri: yolun tamponu ve düzeltilmesi	По проект- приближно 1,5 км- projeye göre yaklaşık 1,5км	1.000.000 ден.-den.
Пробивање на пат Бајрамовска река село бајрамовци	Подготвителни работи со израмнување и тампонирање.	По проект приближ но 1.км	600.000 ден.
Изградба и пробивање на пат Житинска Река село Бајрамовци.	ПОдготвителни работи со поравнување и тампонирање	По проект приближ но 1 км	600.000 ден
			Вкупно 26.700.000 ден

О Д Р Ж У В А Њ Е

III. Програма за зимско и летно одржување на патната инфраструктура на целата

територија на Општина Центар Жупа во планскиот период 2024 година.

Име на проектот- projenin adı	Кој го одржува- bakımını kim yapar	Потребни средства- gereken para
Локалниот пат Рег. Пат Р2249 - село Броштица,(Летно и зимско одржување на асфалтен пат-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- R2249 bölgesel yol – Broştıtsa k. yerel yolu,(asfalt yolun yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	200.000 ден.-den.
Пат село Елевци –село, Долгаш (Одржување на колски земјан пат од одрони, растенија, наноси,дождови и снегови.)- Elessa k. – Dılgaş k. yolu,(toprak araba yolunun göçüklere, bitkilere,yığılmalara,yağmurlara ve karlara karşı bakımı)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	100.000 ден.-den.
Пат село Новак –село, Елефци k. (Одржување на колски земјан пат од одрони, растенија, наноси,дождови и снегови.)- Novak k. – Elessa k. yolu,(toprak araba yolunun göçüklere, bitkilere,yığılmalara,yağmurlara ve karlara karşı bakımı)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	250.000 ден.-den.
Пат село Долгаш – ХЕ Глобочица,(Летно и зимско одржување на асфалтен пат-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Dılgaş k.- Globoçisa barajı yolu,(asfalt yolun yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	80.000 ден.-den.
Пат село Коџаџик – с.Праленик,(Летно и зимско одржување на асфалтен пат-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Kocacik k.- Pralenik k. yolu,(asfalt yolun yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	80.500 ден.-den.
Пат Центар Жупа – село Вапа,(Одржување на колски земјан пат од одрони, растенија, наноси,дождови и снегови.)- Merkez Jupa– Vapa k. yolu,(toprak araba yolunun göçüklere, bitkilere,yığılmalara,yağmurlara ve karlara karşı bakımı)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	75.000 ден.-den.
Пат Центар Жупа – село Црнобоци,(Одржување на колски земјан пат од одрони, растенија, наноси,дождови и снегови.)- Merkez Jupa– Tsırnobok k. yolu,(toprak araba yolunun göçüklere, bitkilere,yığılmalara,yağmurlara ve karlara karşı bakımı)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	80.000 ден.-den.
Регионален пат Р2249 – село Горно Мелничани,(Одржување на колски тампониран пат од одрони, растенија, наноси,дождови и снегови.)-Bölgesel yol R2249- Tsırnobok k.(tamponlu araba yolunun göçüklere, bitkilere,yığılmalara,yağmurlara ve karlara karşı bakımı)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	65.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Новак,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)-Novak köyündeki iç sokaklar,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	87.500 ден.-den.
Внатрешни улици во Центар Жупа,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Merkez Jupa'daki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	90.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Коџаџик,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Kocacik köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	65.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Житинени,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Jitnenik köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	50.000 ден.-den.

Внатрешни улици во Праленик,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Pralenik köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	62.500 ден.-den.
Внатрешни улици во село Броштица,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Broştisa köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	62.500 ден.-den.
Внатрешни улици во село Оџовци,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Ocovsa köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	50.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Долгаш,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Dılgaş köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	50.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Елевци,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Elessa köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	50.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Баланци ,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Balansa köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	75.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Горенци,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Gorensa köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	62.500 ден.-den.
Внатрешни улици во село Долно и горно Мелничани ,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Aşağı ve Yukarı Melniçan köylerindeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	50.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Бајрамовци ,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Bayramovsa köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	25.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Мал Папрадник ,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Küçük Papradnik köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	70.000 ден.-den.
Внатрешни улици во село Голем Папрадник ,(Летно и зимско одржување на улиците-ударни дупки,снег.одрони и сл.)- Büyük Papradnik köyündeki iç sokaklar ,(sokakların yaz ve kış bakımı: darbesel delikler,kar,göçükler vb)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	100.000 ден.-den.
Пристапен пат Центар Жупа – Бачило Лучишта,(Одржување на колски земјан пат од одрони, растенија, наноси,дождови и снегови.)- Merkez Jupa– Luçişta mandırası yolu,(toprak araba yolunun göçüklere, bitkilere,yığılmalara,yağmurlara ve karlara karşı bakımı)	Општина Центар Жупа – Merkez Jupa belediyesi	150.000 ден.-den.
ВКУПНО- TOPLAM :		**2.000.000 ден.-den.**

Совет на Општина Центар Жупа
Претседател
Бирџан Селман

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No.08-442/12
27.12.2023 год.yılı
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

Градоначалникот на Општина Центар Жупа врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за Локална Самоуправа, („Службен весник на РМ“ бр. 05/2005), член 58 од Статутот на Општина Центар Жупа, (Службен гласник на Општина Центар Жупа“ бр. 16/2020 година), на ден 27.12.2023 год. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на програма за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Центар Жупа за 2024 година

СЕ УСВОЈУВА програмата за одржување на јавносто осветлување на подрачјето на Општина Центар Жупа за 2024 година, што Советот на Општина Центар Жупа ја усвои на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година.

Општина Центар Жупа
Градоначалник
Мр-Аријан Ибраим

Yerel Yönetim Yasasının (No:05/2005 “M.C’nin Resmi Gazetesi”) 50. maddesinin 1. fıkrasının 3. bendi ve 62. maddesinin 4. fıkrası, Merkez Jupa Belediyesi Tüzüğünün (No:16/2020 “Merkez Jupa Belediyesi Resmi Bildirisi”), 58. maddesine dayanarak 27.12.2023 tarihi oturumda Merkez Jupa Belediye Başkanı:

SONUÇ

Merkez Jupa Belediyesi sınırları içerisinde 2024 yılı sokak aydınlatması bakımı yıllık programı kabul oylaması

Merkez Jupa Belediyesi Meclisi’nin 25.12.2023 tarihli 13. olağan oturumunda**,** Merkez Jupa Belediyesi sınırları içerisinde 2024 yılı sokak aydınlatması bakımı yıllık programı KABUL EDİLİR.

Merkez Jupa Belediyesi
Belediye Başkanı
Mr-Ariyan Ibraim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-429/15
25.12.2023 год./ yılı

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 29 став 1 точка 13 од Статутот на Општина Центар Жупа (“Сл. гласник на Општина Центар Жупа” брј 16/20), Советот на општина Центар Жупа на 13-та редовна седница ,одржана на ден 25.12.2023 година, донесе:

П р о г р а м а

за Одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Центар Жупа за 2024 година

Согласно Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Центар Жупа, Советот на Општината го уредува и организира одржувањето на објектите и инсталациите, редовна замена на светлечките тела, чистење и броење на електричните столбови .

Со Програма се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2024 година, односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.

Финансирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирано со Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси (“Сл.весник на РМ” број 92/07), според кој за користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса.

Наплатата на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши ЕВН Македонија АД Скопје – КЕЦ - Струга и ја уплатува на сметка на Буџетот на Општина Центар Жупа.

Мрежата за јавно осветлување се напојува од 26 трафостаници во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовното одржување на јавното осветлување е опфатено.

- Замена на прегорени и скршени сијалици.
- Замена на оштетени светлосни арматури.
- Замена на заштитни стакла.
- Замена и поставување на комплет нови Вандарми

- Поставување на нови улични линии за осветлување на населени места.

- Замена на сите останати елементи на сијалично место (пригушници,фасонки идр).

- Отклонување на дефект на линија .

- Промена на форел на линија .

- Замена на оштетени дрвени столбови со нови дрвени столбови.

- Повремена проверка и штелување на уличното осветлување.

- Поставување на лед сијалици со што да бидат со мала моќ да има доволно осветлување и прилагодни за цените на електричната енергија неколку пати од нормалното поскапени сметките и цената на чинење на ел. енергија што ќе ја намалиме потрошувачката на електрична енергија

- По потреба Исто така ќе се врши рестрикции од вечерните часови до утринските часови кога нема раздвиженост на граќани со со цел да ја издржиме ова непредвидена состојба со цената која се појави на пазарот.

- Исто така веќе се поставени тајмери за регулирање на време траењето на уличното осветлување во населените места само исклучок ќе биди центарот во централното подрачје .

- Во јавната набавка која ќе се отвори за 2024 год планираме да одиме со лед сиалици од 15w ako има можност и 12w лед се со цел да се заштеди потрушувачката на електрична енергија и да не дојдиме во ситуација да не можеме да го наплаќаме уличното осветлување, затоа превземаме навремени мерки .

Ј3 - Јавно осветлување

За тековната потрошувачка на
електрична енергија ..... 4.000.000,оо денари;
За одржување на инсталациите .... …… 6000.000,оо денари.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува преку составување на пријава – барање од страна на граѓани, месни и урбани заедници и се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување на улично осветлување. Исто така ќе се вршат редовни контроли како теренски увиди за согледување на состојбите, отсранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во рамките на одржувањето на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напојни 26 трафостаници.

Извршител на сите овие активности ќе биде ЕВН Македонија – АД Скопје – КЕЦ Струга, со претставник од Оделение за Урбанизам,комунални дејности и заштита на животната средина , Општина Центар Жупа.

Додека редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручна организација која ќе ја утврди Комисијата за јавни набавки преку спроведена тендерска постапка.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Представник од Оделение за урбанизам,комунални дејности и заштита на животна на Општина Центар Жупа.

Совет на Општина Центар Жупа
Претседател
Бирџан Селман

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No.08-442/13
27.12.2023 год.yılı
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

Градоначалникот на Општина Центар Жупа врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за Локална Самоуправа, („Службен весник на РМ“ бр. 05/2005), член 58 од Статутот на Општина Центар Жупа, (Службен гласник на Општина Центар Жупа“ бр. 16/2020 година), на ден 27.12.2023 год. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на програмата за еднакви можности на мажите и жените за 2024 година

СЕ ОБЈАВУВА програмата за еднакви можности на мажите и жените за 2024 година , што Советот на Општина Центар Жупа ја усвои на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година

Општина Центар Жупа
Градоначалник,
М-р Аријан Ибраим

Yerel Yönetim Yasasının (No:05/2005 “M.C’nin Resmi Gazetesi”) 50. maddesinin 1. fıkrasının 3. bendi ve 62. maddesinin 4. fıkrası, Merkez Jupa Belediyesi Tüzüğünün (No:16/2020 “Merkez Jupa Belediyesi Resmi Bildirisi”), 58. maddesine dayanarak 27.12.2023 tarihi oturumda Merkez Jupa Belediye Başkanı:

SONUÇ
2024 yılı kadın erkek fırsat eşitliği programını duyurulması

Merkez Jupa Belediyesi 25.12.2023 tarihinde gerçekleştirilen 13. oturumunda kabul edilen 2024 yılı kadın erkek fırsat eşitliği programı açıklandı.

Merkez Jupa Belediye
Başkanı
M.r Ariyan İbraim

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-429/16
25.12.2023 год./ yılı

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ. БР.05/02), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените (Службен весник на РМ бр.6/12,166/14,150/15) година и член 29 став 1 точка 45 од Статутот на општина Центар Жупа (Сл. Гласник на Општина Центар Жупа бр.16/2020 година). Советот на општина Центар Жупа на 13-та редовна седница, одржана на 25.12. 2023 година донесе:

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА ЗА 2024 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Центар Жупа има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

За остварување на оваа цел, општината, согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, должна е да изработи годишна програма во кој ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да презема конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои, еднаквоста ќе биде пракса.

Ваквите нееднаквости се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата наметнати поради бројни стереотипи присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина и организацијата на општеството.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основните цели на активностите на општина Центар Жупа во областа на родовата еднаквост предвидени со оваа програма се:

-Прибирање на Родово разделени податоци каде што ќе биде изготвен документ со родово-разделени податоци со број на жени/мажи вработени по позиции во училишта, број на

жени/мажи вработени по позиции во општина, број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комунално претпријати и број на жени/мажи управители во фирми.

- Унапредување на знаењето на жените за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје бидејќи постои потреба од поголема информираност за подобрување на здравствената заштита, и поголема едукација за болестите кои се својствени на современите услови на живеење, а во соработка со матични лекари, здравствени установи и лекари специјалисти ќе се организираат предавања за советување за редовни прегледи со цел рано откривање и превенција од заболувања.
- Економско јакнење на жените во општината со помош на невладини организации со нивни активности прифатени од општината за нивна реализација како што се организирање обуки за полесно вклучување на пазарот на труд на невработени жени во општината.
- Со организирање на предавања во училиштата на територијата на општината децата ќе се запознаат со штетното влијание од подолго користење на компјутерите и мобилните телефони во текот на денот. Од страна на стручни лица со присуство и на вработени во училиштата ќе се одржат неколку предавања со тема технологијата и влијанието врз децата.
- Одржување на предавања за врсничкото насилство особено онлајн насилството наречено сајбер насилство.

3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во општина Центар Жупа за 2024 година се пред сè, координаторката и заменичката координаторка за еднакви можности поддржана од Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Центар Жупа.

Обврска и одговорност на администрацијата да креираат, иницираат и организираат активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од родов аспект сите одлуки, извештаи, идеи и политики на Општината.

4. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Реден број	**Активност**	**Времетраење**	**Буџет на проектот-мкд**	**Одговорни за имплементација/ партнери**	**Извори на финансирање**	**Индикатори**
1.	Прибирање на Родово разделени	Јануари-Деке	10,000,00	Општината (КЕМ, координаторката за еднакви можности),	Буџет на општина Центар Жупа	Изготвен документ со родово-разделени податоци со: - Број на

	податоци	мври 2024		советот на општина Центар Жупа, Невладини организации		жени/мажи вработени по позиции во училишта; -број на жени/мажи вработени по позиции во општина; број на жени/мажи управители во фирми;
2.	Зајакнување на свеста на жените за континуирана грижа и Заштита на сопственото здравје со организирање на предавања.	Јануари-Декември 2024	30.000,00	Општината (КЕМ, координаторката за еднакви можности), НВО во соработка со Медицински центар, училишта	Буџет на општина Центар Жупа,	Зголемен степен на знаење за сопственото женско здравје
3.	Економско јакнење на жените во општината со организирање обуки за полесно вклучување на пазарот на труд за невработените жени во општината.	Јануари – Декември 2024	40.000,00	Општинска администрација, Невладина организација Радика Де, Комисија за еднакви можности, образовни институции.	Буџет на општина Центар Жупа	- жени обучени за олеснување во можноста за вработување и вклучување на пазарот на труд
4.	Унапредување на здравјето кај децата со советување за штетното влијание од подолго користење на компјутерите и мобилните телефони во текот на денот	Јануари – Декември 2024	10.000,00	КЕМ во соработка Со здр.инстит., Медицински центар и Директори на училишта,НВО	Буџет на општина Центар Жупа	- Најмалку 30 деца (момчиња и девојчиња) обучени за влијанијата на технологијата врз здравјето - За 20% зголемено знаење за влијанијата на технологијата врз здравјето

						на децата
5.	Советување за сајбер насилство и булинг кај децата	Јануари – Декември 2024	10.000,00	Општината во соработка со НВО, и училиштата	Буџет на општина Центар Жупа	- најмалку 30 деца (момчиња и девојчиња) обучени за сајбер насилството - за 20% зголемено знаење за препозанавање сајбер насилство кај децата
ВКУПЕН БУЏЕТ					**100.000,00 МКД**	

Совет на Општина Центар Жупа
Претседател на Совет
Бирџан Селман

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА –KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No.08-442/14
27.12.2023 год.yılı
ЦЕНТАР ЖУПА - MERKEZ JUPA

Градоначалникот на Општина Центар Жупа врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за Локална Самоуправа, („Службен весник на РМ“ бр. 05/2005), член 58 од Статутот на Општина Центар Жупа, (Службен гласник на Општина Центар Жупа“ бр. 16/2020 година), на ден 27.12.2023 год. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК

За објавување на програмата за локален младински совет за 2024 година

СЕ ОБЈАВУВА програмата за локален младински совет за 2024 година , што Советот на Општина Центар Жупа ја усвои на 13-та седница одржана на ден 25.12.2023 година

Општина Центар Жупа
Градоначалник,
М-р Аријан Ибраим

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА- KUZEY MAKEDONYA CUMHURYETİ
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ
Бр. - No. 14-429/17
25.12.2023 год./ yılı

Врз основа на член 57- б од Статутот на Општина Центар Жупа („Службен гласник на Општина Центар Жупа бр.16/2020), член 3 став 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен веник на РСМ“ бр.10/2020) и Прирачникот за локални младински совети, Локалниот младински совет на Општина Центар Жупа ја предлага следната:

Годишна Програма за работа на Локалниот младински совет

на Општина Центар Жупа за 2024 година

Младите се иницијатори и носители на општествените промени, како во државата така и на локално ниво . Младите се извор на идеи и иновации, потенцијал кој треба да се искористи и насочи кон социјален, економски, културен и еколошки развој на општината. Програмата на Локалниот младински совет има за цел да изгради партнерство помеѓу институциите, граѓанските здруженија и невладини организации, градоначалникот и Советот на Општина Центар Жупа , и пред се младите лица од општината за поголема инклузивност, социјален дијалог и интегрираност на младите во носењето на идните политики за младите во општината.

Според Законот за младинско учество и младински политики терминот млади се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години, а терминот „младинско учество“ претставува процес кој овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политиките и програмите кои директно или индиректно го обликуват животот на младите лица на национално или локално ниво.

Годишната програма е во насока на остварување на одредени тематски области дефинирани во Националната стратегија за млади на Република Северна Македонија 2016-2025, цели дефинирани на седница на ЛМС за приоритетите на младите во општина Центар Жупа, прилагодени на локално ниво.

Тематски области на Годишната програма за работа на Локалниот младински совет

- ***Младинско учество и едукција на млади***
- ***Култура***
- ***Спорт***
- ***Екологија***

Младинско учество воспоставување на консултативен процес во донесување на одлуки за младите и активно учествуваат во општествените процеси кои се од нивен интерес. Младинското учество треба да биде клучен механизам кој ќе води до подобрување на квалитетот на животот на младите во општината, преку еднаква вклученост на жените и мажите и етничките заедници кои живеат во општината во креирањето, донесувањето и реализацијата на политиките кои се од интерес на младите.

Едукација на младите преку вклучување на младите лица од општината во работилници и семинари за едукација на младото население во области кои ќе бидат од нивна корист и општо добро на заедницата.

Културата е фактор кој го поттикнува социјалниот развој кај младите, ја зголемува општествената поврзаност и ја профилира сликата на една општина. На културен план младите можат да придонесат во повеќе области вклучувајки музика, театар, уметност, фестивали и поддршка во културни настани во општината. Тоа подразбира волонтерство во организацијата, планирање и реализирање на настани, поддршка на локална група на млади и индивидуалци кои делуваат во областа на културата.

Екологија претставува основа за здрав живот и здрава животна средина. Во годишната програма за работа акцент ќе се стави на организирање на акции за пошумување и расчистување на околината од смет. Воедно и вклученост на младите во општината во едукации за значењето на екологијата и здравата животна средина и поддршка во реализација на проекти од екологијата на еколошки граѓански здруженија и организации.

Спорт во оваа област се дефинира повремено организирање и учество во спортски активности наменети за младите и повозрасното население заради промоција на здрав живот, подобрување на физичката и менталната благосостојба на младите и насочување кон здрав начин на живот.

Активност	Цели	Резултати	Имплементација	Период на реализација	Буџет (мкд)
Тема 1: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО					
1.1 Собирање на облека (донирање) за социјално загрозени семејства	Подобрување на материјалната состојба на младите од социјално загрозените семејства	- собрани најмалку 100 парчиња облека за различна возраст	ЛМС, Општина Центар Жупа , заинтересирани граѓани	пролет, лето есен 2024	-
1.2 Организирање на крводарителски акции во соработка со Црвен крст – Дебар и општина Центар Жупа	Поттикнување на чуството кај младите за волонтаризам, хуманост	- Организирани најмалку 2 крводарителски акции - Собрани најмалку 20 шишиња крв	ЛМС, Црвен крст -Дебар,Општина Центар Жупа, заинтересирани граѓани	пролет, зима, 2024	-

1.3 Организирање на состаноци со цел дефинирање на прирорите за младинско делување, соработка со Советот на општината, Агенцијата за млади и спорт и останати институции	Изготвување на годишна програма за работа и Стратегија за млади	- Изготвена програма за работа на ЛМС за 2025 - Изготвена Стратегија за млади на општина Центар Жупа	ЛМС, службеник за млади, модератор,	IV квартал од 2024	
Тема 2. ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИ					
2.1 Учество на работилници и обуки организирани од ЛМС и други организации	Едукација на младите во општина Центар Жупа	- учество на најмалку 10 млади во различни обуки	Донаторски организиации, ЛМС, Општина Центар Жупа	тековно во 2024	5.000,00
2.1 Обуки за прва помош	Запознавање на младите со Првата помош како животоспасувачка техника	- Обучени млади лица со основни техники за пружање на ПП	ЛМС, училишта од Центар Жупа, ОО на Црвен крст – Кочани	Април –мај	5.000,00
Тема 3. КУЛТУРА					
3.1 Организирање на музички хепенинг	Збогатување на културната понуда кај младите во општина Центар Жупа	- Организирање на 1 музички хепенинг со преставници од млади од училиштата , фолклорни групи и сл,	ЛМС, општина Центар Жупа , училишта	19 мај	10.000,00
		-			

Тема 4. СПОРТ						
		-				
4.1 Организирање на фудбалски натпревар	Збогатување на спортски настани на локално ниво	-	организиран фудбалски турнир	ЛМС, општина Центар Жупа	19 Мај	20.000,00
4.2 Организирање на турнир- фудбалски натпревар	Збогатување на спортските настани на локално ниво	-	организиран фудбалски натпревар во период кога и ислениците во општината се присутни	ЛМС, општина Центар Жупа,	Месец Август	60.000,00
Тема 5. ЕКОЛОГИЈА						
5.1 Спроведување на еко акции за чистење	Разубавување на околината на општината особено во делот околу училиштата	-	организирани најмалку 2 акции	ЛМС, ЈП КАЛЕ, општина Центар Жупа, училиштата	пролет, есен , 2024	-
					ВКУПНО	100.000,00

Начин на финансирање

